Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

Арх.бр. УП1-11/4-967/2019

Дата.__________ ~~12-09-2025~~

12-09-2019

ДО: Адвокатско Друштво "ТОШИЌ и ЈЕВТИЌ"
ул. "Аминта III" бр. 38/1-2
1000 Скопје

ПРЕДМЕТ: Доставување на Решение

ВРСКА: Ваш број 11-307/4 од 25.06.2019 година

Почитувани,

Во прилог на овој допис Ви доставуваме Решение број УП1-11/4-967/2019, за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина за проект – Централно одлагалиште за рудничка јаловина во рудникот "Тораница" во општина Крива Паланка, за потребите на инвеститорот ДПТ "БУЛМАК 2016" ДООЕЛ од Пробиштип.

Со почит,

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Изработил: Влатко Цветаноски
Согласен: Билјана Петкоска
Одобрил: Директор на Управа за животна средина
Xhezmi Saliu

Прилог:

Решение за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина за проект – Централно одлагалиште за рудничка јаловина во рудникот "Тораница" во општина Крива Паланка, за потребите на инвеститорот ДПТ "БУЛМАК 2016" ДООЕЛ од Пробиштип;


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
УП1-11/4-967/2019
~~12-09-2025~~ 12 -09- 2019

Врз основа на член 24 став 7 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016), постапувајќи по барањето на Адвокатско Друштво "ТОШИЌ и ЈЕВТИЌ" од Скопје, за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина број УП1-11/4-967/2019 од 26.06.2019 година, Директорот на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го издава следното

## РЕШЕНИЕ
### За одобрување на Елаборат за заштита на животната средина

1. Со ова Решение се одобрува Елаборат за заштита на животната средина со технички број ПД_120_08/17 од Октомври 2017 година, изготвен од страна на "ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др." ДОО од Скопје, за проект – Централно одлагалиште за рудничка јаловина во рудникот "Тораница" во општина Крива Паланка, за потребите на инвеститорот ДПТ "БУЛМАК 2016" ДООЕЛ од Пробиштип.

2. Од доставената документација констатирано е дека со изведбата и функционирањето на проектот – Централно одлагалиште за рудничка јаловина во рудникот "Тораница" во општина Крива Паланка, нема да има значителни влијанија врз животната средина.

3. Инвеститорот се задолжува целосно и без исклучоци да се придржува кон пропишаниот режим и мерки за заштита предвидени во Елаборатот за заштита на животната средина, како и кон дополнителни решенија до колку низ изведбата и функционирањето на проектот се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

## Образложение

Од страна на Адвокатско Друштво "ТОШИЌ и ЈЕВТИЌ" од Скопје беше доставен Елаборат за заштита на животната средина за проект – Централно одлагалиште за рудничка јаловина во рудникот "Тораница" во општина Крива Паланка, за потребите на инвеститорот ДПТ "БУЛМАК 2016" ДООЕЛ од Пробиштип.

Локацијата на која е предвидена изведбата на проектот – Централно одлагалиште за рудничка јаловина е во склоп во рудникот "Тораница" во општина Крива Паланка. Координатни точки на ограничување на централно одлагалиште се следните:

| Точка | X | Y |
|---|---|---|
| Т-1 | 4 670 650 | 7 622 620 |
| Т-2 | 4 670 000 | 7 622 400 |
| Т-3 | 4 669 371 | 7 622 705 |
| Т-4 | 4 668 100 | 7 623 800 |
| Т-5 | 4 669 000 | 7 625 260 |
| Т-6 | 4 669 500 | 7 625 200 |
| Т-7 | 4 669 700 | 7 624 580 |
| Т-8 | 4 670 050 | 7 623 660 |

Предметниот Елаборат за заштита на животната средина е изготвен согласно Правилникот за формата и содржината на Елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување како и начинот на водење на регистарот за одобрени Елаборати (Службен весник на Република Македонија бр. 44/2013 и 111/2014), од страна на ДПТУ "ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др." ДОО од Скопје.

**Правна поука**: против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Директор на
Управа за животна средина
Xhezmi Saliu

Изработил: Влатко Цветаноски
Согласен: Билјана Петкоска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk